**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев 9А, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 02-1274/3
08-07-2024
Скопје

Врз основа на чл. 70 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со членовите 353, 354, 355, 356, 357 и 358 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на својата 12. редовна седница одржана на 4.7.2024 година, донесе

О Д Л У К А

Се усвојува извештајот за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје за периодот 2019/2020 до 2023/2024 година.

Образложение

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Коенски“ во Скопје формира Комисија за евалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во состав: д-р Елена Ончевска Агер, претседател; д-р Мира Трајкова; д-р Фаркета Дибра Зеќири; м-р Магдалена Симионска; м-р Жанета Савиќ; Вања Чучков, студент и Бојан Славкоски, студент.

Во текот на летниот семестар на учебната 2023/2024 година беше изведена постапка за самоевалуација на Факултетот како дел од процесот на самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ согласно Упатството за самоевалуација и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и неговите единици донесено од Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 02-588 од 1.4.2024 година и насоките и роковите уврдени од Советот за квалитет на Универзитетот.

Согласно гореизнесеното Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на својата 12. редовна седница одржана на 4.7.2024 година донесе Одлука со која едногласно го усвои извештајот за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје за периодот 2019/2020-2023/2024 година.

Примерок од Одлуката да се достави до претседателот на Комисијата за евалуација, продеканот за настава, Одделението за општи, правни и персонални работи и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Мартиновски